РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 02-657/7
18.02.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 7-та седница одржана на 18.02.2025 година, во врска со Предлогот Уп1 бр.03-52 од 14.02.2025 година за поведување прекршочна постапка на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-5362/1 од 30.12.2024 на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

2. Советот заклучи против ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да се поведе прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот програмски надзор е констатирано дека во програмскиот сервис на наведениот радиодифузер на 11 декември 2024 година, на државно ниво, радиодифузерот не постапил по Решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно со неправилна примена на сигнализацијата за втора категорија програма (8+), се емитувани премиерните и репризираните епизоди од играниот серијал “I egri (Yabani)” и премиерната епизода од играниот серијал “Jetë të thyera (Kırık hayatlar)”, што е спротивно на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**